НОВА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 9 и член 53 од Статутот на НСДП, Централниот одбор на НСДП на седница одржана на 18 февруари 2024 година во Скопје, донесе

П Р А В И Л Н И К
за постапката и критериумите за утврдување кандидати за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, за парламентарните избори 2024 година

Постапката и критериумите за евидентирање и утврдување кандидати на НСДП за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, се регулира со овој Правилник, а со цел:

-согласно Статутот да се обезбеди транспарентна, легитимна и демократска внатрепартиска процедура;

-низ таква процедура, да се дојде до најприфатливи кандидати кои имаат најголеми шанси за успех на изборите;

-поблиску да се определат правата и обврските на сите учесници во постапката;

-да се обезбеди ефикасност на постапката и нејзино навремено завршување.

I. Постапка и рокови за утврдување на кандидати

1**.** Постапката за утврдување кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија започнува од **20 февруари 2024 година**, со евидентирање на можни кандидати.

Евидентирањето и утврдувањето се врши на состаноци на Извршните одбори на општинските организации во проширен состав, а во општинските организации каде тече постапката за организирање на изборни конференции евидентирањето го вршат членовите на Централниот одбор и членовите во другите органи на партијата од општинската организација.

Предлозите за можни кандидати за пратеници треба да бидат образложени и аргументирани во смисла на критериумите од овој Правилник (глава II).

Евидентирањето на можни кандидати и нивното утврдување, трае **20 (дваесет) дена** и треба да заврши најдоцна до **10 март 2024 година.**

2. Листите со утврдени кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, Извршните одбори на ОО НСДП ги доставуваат до Извршниот одбор на НСДП.

3**.** Централниот одбор на НСДП ги утврдува предлог листите на кандидати за пратеници во Собранието на Република Македонија.

II. Критериуми

Партиските органи надлежни за спроведување на постапката за евидентирање и утврдување на кандидати за пратеници, тргнуваат од целта да бидат утврдени кандидати кои ќе придонесат за успех на НСДП на парламентарните избори. Тие се должни, во текот на целата постапка, да се раководат и на членовите на НСДП, навремено и соодветно да им укажуваат, при предлагањето на можни кандидати, задолжиетелно да се имаат предвид критериумите што треба да ги исполнува секој потенцијален кандидат.

За кандидати за пратеници треба да се предлагаат/евидентираат лица кои:

1. Ги исполнуваат условите предвидени со Изборниот законик;
2. Уживаат јавен и професионален углед и авторитет;
3. Ја имаат довербата на членството на НСДП;
4. За пошироката јавност, да се препознатливи како луѓе кои дале значителен позитивен придонес во афирмацијата и реализацијата на политиката на НСДП;
5. Со својата досегашна работа да имаат покажано евидентни позитивни резултати, препознатливи и за пошироката јавност;
6. Со своето досегашно искуство да влеваат недвосмислена сигурност, убедливост дека, имаат капацитет за успешно извршување на функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Македонија;
7. Со досегашното однесување да не го загрозиле својот личен, професионален, ниту пак партиски углед.

Исто така, при евидентирањето и утврдувањето на кандидати, треба да се води сметка и да се почитува принципот на соодветна застапеност на младите и најмалку 40% од секој пол согласно Изборниот законик, за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

III.Завршна одредба

Утврдувањето на кандидатите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија од НСДП треба да заврши согласно Изборниот законик и Роковникот за парламентарните избори донесен од Државната изборна комисија и договорот за промоција на кандидатските листи од Коалицијата.

Централен одбор на НСДП,
претседавач - претседател на НСДП,
Горан Мисовски